90% од жените кои ќе направат преглед во клиника за проверка на дојките ќе бидат известени дека не се пронајдени никакви знаци на рак на дојката



При прегледот во клиниката за проверка на дојките ќе ве води тим на специјалисти.

Тие разбираат дека можеби сте загрижени и ќе се трудат навремено да ви ги дадат резултатите.

B informed

# Вашата посета во клиниката на BreastScreen NSW за проверка на дојките

**За BreastScreen NSW**

BreastScreen NSW е бесплатна програма за проверка на дојките, која ја спроведуваат над 150 клиники во Нов Јужен Велс. Проверките преку програмата посебно **им се препорачуваат на жени на возраст од 50 до 74 години.** Сепак, сите жени на возраст над 40 години имаат право да прават проверки преку програмата.

**Контактирајте не**

За да закажете преглед во клиника во ваша близина:
13 20 50

**За да дознаете повеќе**

breastscreen.nsw.gov.au

**За помош од преведувач**

13 14 50

facebook.com/BreastScreenNSW

NSW GOVERNMENT | BreastScreen NSW

**13 20 50**

breastscreen.nsw.gov.au

## Зошто ме повикаа да отидам во клиника за проверка на дојките?

Повикани сте да отидете на преглед во клиниката за проверка на дојките бидејќи вашиот мамограм покажа дека има предел од дојката кој треба понатаму да се испита.

После правењето на мамограм, од околу **1 од 20** жени се бара повторно да дојдат во BreastScreen NSW за да им се направат понатамошни прегледи во клиниката за проверка на дојките.

**Околу 90% од жените** кои се повикани да направат понатамошни тестови **немаат рак на дојката.**

## Какви тестови можеби ќе биде потребно да се направат?

Во зависност од резултатите на вашиот прв мамограм, можеби ќе треба да направите еден или повеќе од следните видови на проверки.

Во видовите на проверка/и кои можеби ќе треба да ги направите во клиниката за проверка на дојките се вклучуваат:

- **мамограм (рендгенска снимка на дојките)** за да се прегледа пределот кој треба понатаму да се испита
- **ултразвук на дојките** при кој се користат звучни бранови и со кој подетално се гледа ткивото во вашите дојки
- **клинички преглед на дојките** при кој доктор или медицинска сестра ќе ги прегледаат и испипаат вашите дојки за да видат дали има било какви промени.

Другите проверки може да вклучуваат биопсија со игла. Ако биде потребно, специјалистот во клиниката за проверка на дојките ќе разговара за тоа со вас.

## Колку време ќе бидам во клиниката?

Прегледите обично траат меѓу **2 и 4 часа.** Меѓутоа, понекогаш прегледот може да трае подолго време. Затоа, за секој случај се препорачува да одвоите цел ден за вашата посета.

Ако е потребно, BreastScreen NSW може да ви даде лекарско уверение.

Членовите од семејството или пријатели се добредојдени да дојдат со вас.

Во сите наши клиники за проверка на дојките, на располагање ви стојат нашите доктори и советници кои ќе ви дадат одговори на сите прашања кои можеби ќе ги имате.

## Кога ќе ги добијам резултатите?

Во повеќето случаи, резултатите ќе можете да ги добиете **на денот** на проверката.

За да се добијат некои резултати, на пример резултати од биопсија, може да биде потребно повеќе време. Персоналот во клиниката за проверка на дојките ќе ве извести за тоа кога ќе дојдете на прегледот.

Ако ни дадете дозвола, исто така ќе ги испратиме вашите резултати на вашиот доктор.

## Колку чинат проверките во клиниката за проверка на дојките?

Сите проверки што се прават во клиниките за проверка на дојките на BreastScreen NSW се **бесплатни.**

## Што ќе се случи после мојот преглед?

90% од жените кои ќе направат преглед во клиника за проверка на дојките ќе бидат известени дека не се пронајдени никакви знаци на рак на дојката.

Ќе ве известат кога ќе треба да го направите следниот мамограм.

Ако се открие дека имате рак на дојката, персоналот во клиниката за проверка на дојките ќе ви понуди поддршка и совети во врска со следните чекори кои ќе треба да ги преземете.

Сите проверки кои се прават во клиниките за проверка на дојките при BreastScreen NSW се бесплатни